РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАСИЛЕВО
Бр. 08 - 938/1
23.06 20. 25 год.
Василево

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ"бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата вонредна седница одржана на ден 20.06.2025 година, расправајќи по Информации за состојбата со депонија „Шапкар" во населено место Доброшинци, го усвои следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Општина Василево го обврзува ЈПКД „Комуналец" Струмица во рок од една недела да ги преземе сите неопходни мерки за да престане ширењето на чад од депонијата „Шапкар" со што се загадува животната средина.

2. Општина Струмица, односно ЈПКД „Комуналец" Струмица да се обврзи и да постави 24/7 видео надзор, а исто така да се подигне нивото на одговорност во делот на чуварската служба и да се поставаат чувари кои ќе бидат таму присутни и ќе го евидентираат секој влез на субјектите во депонијата , без разлика дали станува збор за физички лица или станува збор за камиони на ЈПКД „Комуналец" Струмица и ЈПКД „Турија" Василево.

3. Да се одржи состанок со претставници од сите релевантни институции за да се определат идните активности околу депонијата „Шапкар".

4. Доколку не се спроведат активностите од страна на ЈПКД „Комуналец" Струмица, Советот на Општина Василево да донесе Одлука за забрана на фрлање отпад на депонијата „Шапкар" од страна на ЈПКД „Комуналец" Струмица.

5. Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Василево".

Совет на општина Василево
Претседател
Ристо Делијанов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА
ВАСИЛЕВО
ОПШТИНА ВАСИЛЕВО